Друштво за снабдување со топлинска енергија
**ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА** ДООЕЛ
Бр. 03 - 440
23 . 02 202 5 год.
СКОПЈЕ

ЕСМ
СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО ВО ТЕКОТ НА 2024 ГОДИНА

**ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ СКОПЈЕ**

СОДРЖИНА


**1. ЗА ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ ..... 2**

**2. ОСВРТ КОН ГОДИНАТА 2024 ГОДИНА ..... 2**

**3. МЕНАЏМЕНТ И ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ДРУШТВОТО ..... 3**

**4. УСОГЛАСЕНОСТ СО ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА И ПОД ЗАКОНСКИ АКТИ ..... 4**

**5. ТОПЛИНСКИ КОНЗУМ И ИСПОРАЧАНА ЕНЕРГИЈА, КВАЛИТЕТ НА УСЛУГИ И НОВИ ПОТРОШУВАЧИ ..... 6**

5.1 Испорака на топлинска енергија и актуелен топлински конзум на корисниците ..... 6

5.2 Новоприклучен конзум ..... 7

5.3 .Центар за грижа на потрошувачи ..... 9

5.4 Служба за контрола на квалитет на услуги и грижа на потрошувачи ..... 10

**6. НАПЛАТА НА ПОБАРУВАЊАТА ЗА ИСПОРАЧАНА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА ..... 11**

6.1 Наплата на побарувањата кај категорија Домаќинства ..... 11

6.2 Наплата на побарувањата кај категорија Останати ..... 13

6.3 Вкупна наплата на побарувањата кај категорија Домаќинства и Останати ..... 14

6.4 Вкупен приливи на парични средства ..... 15

**7. ТУЖЕНИ ПОБАРУВАЊА ..... 15**

**8. ЈАВНИ НАБАВКИ ..... 19**

**9. ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО ..... 20**

9.1 Извештај за сеопфатна добивка ..... 20

9.2 Извештај за финансиска состојба ..... 21

9.3 Извештај за парични текови ..... 22

9.4 Извештај за промени во главнина ..... 23

9.5 Белешки кон финансиските извештаи ..... 24

9.6 Извештај за сеопфатна добивка ..... 24

9.7 Извештај за финансиска состојба ..... 26

9.8 Извештај за Парични текови ..... 27

**10. СТРАТЕШКИ ПЛАН ЗА ИДЕН ПЕРИОД ..... 28**

## 1. ЗА ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ

Друштво за снабдување со топлинска енергија ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје е основано на ден 29.07.2022 година од страна на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост Скопје, како основач и единствен содружник.

Приоритетната дејност на Друштвото согласно регистрацијата во Централниот регистар на РСМ е снабдување со пареа и климатизација - 35.30.

Владата на РСМ на ден 25.08.2022 година објави јавен повик за избор на вршител на енергетска дејност снабдување со топлинска енергија на кој Друштвото ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје достави понуда согласно која беше избрано за вршител на енергетската дејност снабдување со топлинска енергија со Одлука бр.41-8304/3 од 20.09.2022 година објавена во Службен весник на РСМ.

Согласно Одлуката, Друштвото поднесе барање до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на РСМ за издавање на лиценца за вршење енергетска дејност снабдување со топлинска енергија како јавна услуга. Со Одлука на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на РСМ, УП1 бр.11-383/22 од 14.10.2022 година на ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје му е издадена лиценца за вршител на дејност снабдување со топлинска енергија. Друштвото како лиценциран снабдувач ја врши дејноста започнувајќи од 14.10.2022 година за потребите на потрошувачите на подрачјето на дел од градот Скопје и тоа: Општина Аеродром, дел од Општина Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Центар и Чаир. Временскиот период на важење на лиценцата е 10 години и е со важност до 14 октомври 2032 година.

ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје како носител на лиценцата за снабдување со топлинска енергија во континуитет ја врши дејноста согласно законските и подзаконските акти кои ја регулираат проблематиката на топлинска енергија. Основна дејност на друштвото е сигурно, континуирано и квалитетно снабдување со топлинска енергија на потрошувачите и нивна заштита согласно лиценцата и Правилата за снабдување со топлинска енергија.

## 2. ОСВРТ КОН ГОДИНАТА 2024 ГОДИНА

Друштвото ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје во текот на 2024 година продолжи непречено да ја врши дејноста снабдување со топлинска енергија.

Друштвото ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје со своето одговорно и посветено работење во насока на остварување на целите и обврските кои произлегуваат од лиценцата за снабдување со топлинска енергија обезбеди сигурно, континурирано и квалитетно снабдување на потрошувачите со топлинска енергија.

Компанијата целосно се посвети на остварување на своите цели и преку почитување на актите и процедурите за работа непрекинато се одвиваа сите работни процеси и потрошувачите ги добија сите услуги со стандарден квалитет при што Друштвото успешно ја започна грејната сезона 2024 – 2025 година.

Преку веб страницата на компанијата https://www.esm-snabduvanje.mk потрошувачите имаа можност за електронско плаќање на фактурите за топлинска енергија, електронско поднесување на барања по различни основи и достапност до формуларот на Договорот за снабдување со топлинска енергија кој компанијата го

потпишува со своите потрошувачи заради регулирање на правата и обврските кои потекнуваат од користењето на топлинска енергија.

Компанијата преку својата организациска поставеност, а се со цел да обезбеди подобра услуга за своите потрошувачи преку одделот за грижа на потрошувачи потрошувачите по електронски пат на електронската пошта contact@esm-snabduvanje.mk и преку телефонските броеви 02/3076 – 200 и 075/400-100 имаат можност да ги остварат своите права и обврски и да ги добијат сите потребни информации во врска со снабдувањето со топлинска енергија.

ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје и покрај тоа што е нова компанија на пазарот на топлинска енергија какоориснички ориентирана компанија во текот на 2024 година ја постигна една од своите цели и ја стекна довербата кај своите потрошувачи преку реализација на проекти и создавање на високи стандарди во исполнување на обврските кон потрошувачите

## 3. МЕНАЏМЕНТ И ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ДРУШТВОТО

Управувањето на Друштвото е организирано согласно одредбите на Законот за трговските друштва и со него управува Управител именуван од страна на Управниот Одбор на АД ЕСМ како основач и единствен содружник.

Согласно Правилникот за организација, систематизација и вреднување на работните места, Друштвото во 2024 година дејноста снабдување со топлинска енергија ја извршуваше со 149 вработени.

Организациската структура е со вертикален систем на делегирање на одговорностите, истата е создадена со цел подобрување на организацијата на работа и прилагодување на работните единици кон реалните потреби на работењето на Друштвото, а во насока на подобрување на успешноста на работењето и операционализација на трошоците.

Организационата поставеност на друштвото е:

1. Кабинет на директор
2. Служба за набавка и продажба на ТЕ
   2.1 Одделение за фактурирање
   2.2 Одделение за наплата
   2.3 Одделение за финансиско аналитичка евиденција
   2.4 Одделение за тужени побарувања
3. Служба за контрола на квалитет на услуги и грижа на корисници
   3.1 Одделение за прием на рекламации и барања на потрошувачи
   3.2 Оделение за енергетска контрола, квалитет и услуги и нови потрпшувачи
4. Служба за финансиски и комерцијални работи
   4.1 Одделение за финансиски и комерцијални работи

Организационата структура на друштвото е прилагодена за извршување на дејноста снабдување со пареа и климатизација.

Табела 1 - Квалификационата структура на вработените со состојба 31.12.2024 година според работни места:

| Квалификациона структура на вработени 2024 година | | |
|---|---|---|
| Степен на стручна подготовка | Број на вработени | % учество |
| VIII1 | - | - |
| VII₂/ВСС | - | - |
| VII₁/ВСС | 53 | 36,55% |
| VI/ВШС | - | - |
| V | - | - |
| IV/ССС | 87 | 60,00% |
| III/КВ | - | - |
| II/ПК | - | - |
| I/НК | 5 | 3,45% |
| ВКУПНО | 145 | 100% |

## 4. УСОГЛАСЕНОСТ СО ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА И ПОД ЗАКОНСКИ АКТИ

**Пристап до информации од јавен карактер**

ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје е друштво за снабдување со топлинска енергија и согласно Лиценцата и Законот за енергетика врши дејност од јавен интерес, а тоа е сигурно, континуирано и квалитетно снабдување на потрошувачите со топлинска енергија.

Согласно Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер (Сл. весник бр.101/19) за исполнување на обврските кои произлегуваат од соодветниот Закон, како имател на информации ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје ги донесе потребните Одлуки и правила за работење.

Согласно Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер, донесен е соодветен акт на Управителот - Одлука каде е определено службено лице за посредување со барањата за информациите од јавен карактер и комуникација со Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Во текот на 2024 година до Друштвото беа доставени 3 (три) барања за пристап до информации од јавен карактер на кои е позитивно одговорено.

Согласно Законот, службеното лице за посредување со информации од јавен карактер е должно да достави годишен извештај до Агенцијата за слободен пристап со информации од јавен карактер. Во врска со оваа обврска службеното лице ја исполни обврската и до Комисијата го достави годишниот извештај за 2024 година во законски утврдениот рок.

**Усогласување со Законот за заштита на лични податоци**

Во текот на 2024 година ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје во врска со обврските кои произлегуваат од Законот за заштита на личните податоци (Службен весник на РСМ бр. 42/20, Службен весник на РСМ бр.294/21) ги презема следните активности и ги донесе следните акти:

- Овластувања на ново вработени за обработка на лични податоци
- Изјава за согласност за обработка на посебна категорија на лични податоци (за вработени)
- Одговори по однос на барања и приговори од странки кои бараат информации во врска со заштита на личните податоци
- Одговори и образложенија до Агенцијата за заштита на лични податоци
- Информирање и советување на контролорот и вработените кои вршат обработка соодветно на нивните обврски според законските одредби, од страна на офицерот за заштита на личните податоци
- Подигнување на свеста и обучување на вработените кои што учествуваат во операциите на обработка, како и вршење на ревизии за заштита на личните податоци;

ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје е контролор на личните податоци и истите ги обработува согласно важечките законски прописи и Законот за заштита на лични податоци, за што потрошувачите на топлинска енергија- субјекти на личните податоци, во однос на обработката на нивните лични податоци ги имаат сите права пропишани со Законот за заштита на лични податоци.

**Договори за снабдување со топлинска енергија**

ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје, како лиценциран снабдувач со топлинска енергија, во согласност со Правилата за снабдување со топлинска енергија има обврска за уредување на меѓусебните односи со своите потрошувачи на топлинска енергија. Во насока на исполнување на обврската, снабдувачот и потрошувачот потребно е да склучат "Договор за снабдување со топлинска енергија" во писмена форма, со кој подетално ќе ги уредат меѓусебните права и обврски во корелација со законските и подзаконските акти. Договорот за снабдување со топлинска енергија е одобрен од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Р.С.М.
Заклучно со 31.12.2024 година, Друштвото склучи 28.818 договори за снабдување со топлинска енергија со потрошувачите.

# 5. ТОПЛИНСКИ КОНЗУМ И ИСПОРАЧАНА ЕНЕРГИЈА, КВАЛИТЕТ НА УСЛУГИ И НОВИ ПОТРОШУВАЧИ

## 5.1 Испорака на топлинска енергија и актуелен топлински конзум на корисниците

ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје својата регулирана дејност ја извршува во согласност со лиценцата односно врши снабдување на потрошувачите со топлинска енергија превземена од регулираниот дистрибутер на топлинска енергија, ЕСМ Дистрибуција на топлина ДООЕЛ Скопје.

Топлинскиот конзум на приклучените потрошувачи на дистрибутивната мрежа за кои ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје ја извршува својата регулирана дејност - снабдување со топлинска енергија и испорачаната топлинска енергија на приклучениот конзум, по категории на потрошувачи, е прикажана во следните табеларни прегледи.

Табела 2 - Просечна ангажирана топлинска моќност

| период | ед.мерка | домаќинства | останати | образование | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Јануари | kW | 410.165,380 | 93.798,750 | 24.976,380 | 528.940,510 |
| Февруари | kW | 411.164,010 | 92.320,470 | 24.976,380 | 528.460,860 |
| Март | kW | 412.954,240 | 91.584,060 | 24.976,380 | 529.514,680 |
| Април | kW | 413.742,110 | 90.379,940 | 24.976,380 | 529.098,430 |
| Мај | kW | 413.872,530 | 90.223,930 | 24.976,380 | 529.072,840 |
| Јуни | kW | 413.863,060 | 90.223,930 | 24.976,380 | 529.063,370 |
| Јули | kW | 414.722,070 | 90.229,030 | 24.976,380 | 529.927,480 |
| Август | kW | 415.209,790 | 87.897,660 | 23.681,490 | 526.788,940 |
| Септември | kW | 414.981,860 | 87.793,520 | 23.681,490 | 526.456,870 |
| Октомври | kW | 415.356,770 | 86.537,530 | 23.681,490 | 525.575,790 |
| Ноември | kW | 415.898,090 | 87.586,310 | 23.681,490 | 527.165,890 |
| Декември | kW | 417.502,640 | 88.367,130 | 23.950,910 | 529.820,680 |
| Просек 2024 | kW | 414.119,379 | 89.745,188 | 24.459,294 | 528.323,862 |

Од табеларниот преглед во Табела 2, може да се забележи промената на ниво на месец на ангажираната топлинска моќност. Одредувањето на ангажираната топлинска моќност е во согласност со Тарифниот систем издаден од страна на Регулаторната Комисија за Енергетика и Водни услуги на Република Северна Македонија (Сл.весник на РСМ бр.65/19 од 28.03.2019, Сл.весник на РСМ бр. 219/19 од 24.10.2019 и Сл.весник бр.19/22 од 27.01.2022, 197/22 од 09.09.2022) при што корекција на ангажираната топлинска моќност на мерните места, се врши на почетокот на секоја грејна сезона. Во согласност со Тарифниот систем, корекција на ангажираната топлинска моќност на мерните места, е извршена на почетокот на грејната сезона 2024/2025.

Во следниот табеларен преглед, прикажана е испорачаната топлинска енергија за категории на корисници на месечно ниво за период 01.01.2024 до 31.12.2024

Табела 3 -Испорачана топлинска енергија на потрошувачи по месеци

| период | ед.мерка | домаќинства | останати | образование | пробно греење | вкупно | % од годишна |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Јануари | kWh | 83.863.314,770 | 18.814.634,700 | 3.711.057,890 | 88.258,000 | 106.477.265,360 | 22,97% |
| Февруари | kWh | 56.413.429,230 | 11.857.070,900 | 3.329.416,830 | 295.101,000 | 71.895.017,960 | 15,51% |
| Март | kWh | 42.686.311,230 | 8.668.197,770 | 2.286.053,700 | 18.400,000 | 53.658.962,700 | 11,58% |
| Април | kWh | 15.948.496,620 | 3.073.323,430 | 870.223,410 | 0,000 | 19.892.043,460 | 4,29% |
| Мај | kWh | 0,000 | 0,000 | 0,000 | 0,000 | 0,000 | 0,00% |
| Јуни | kWh | 0,000 | 0,000 | 0,000 | 0,000 | 0,000 | 0,00% |
| Јули | kWh | 0,000 | 0,000 | 0,000 | 0,000 | 0,000 | 0,00% |
| Август | kWh | 0,000 | 0,000 | 0,000 | 0,000 | 0,000 | 0,00% |
| Септември | kWh | 0,000 | 0,000 | 0,000 | 0,000 | 0,000 | 0,00% |
| Октомври | kWh | 14.107.665,870 | 2.346.984,750 | 3.369.374,910 | 0,000 | 19.824.025,530 | 4,28% |
| Ноември | kWh | 67.528.473,370 | 13.095.846,610 | 4.694.892,550 | 99.009,000 | 85.418.221,530 | 18,43% |
| Декември | kWh | 84.056.603,680 | 18.064.187,950 | 4.083.013,480 | 132.509,000 | 106.336.314,110 | 22,94% |
| Вкупно | kWh | 364.604.294,770 | 75.920.246,110 | 22.344.032,770 | 633.277,000 | 463.501.850,650 | 100,00% |

Учеството на испорачаната топлинска енергија по месеци во годината е прикажана на следниот графички приказ.

Графикон 1 - Учество на месеците во потрошувачката на топлинска енергија




**5.2 Новоприклучен конзум**

Во период 01.01.2024 до 31.12.2024 ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје како кориснички ориентирана компанија продолжи со привлекување на нови потрошувачи преку комуникација со инвеститори на објекти каде постои можност за приклучок кон дистрибутивниот систем, дополнување и имплементација на стратегијата за привлекување и приклучување на нови потрошувачи со што се реализираше активна соработка со инвеститорите при што истите се запознаваат со постапката за приклучување на објектите на

системот за централно греење како и за предностите и погодностите на дистрибутивниот систем за топлинска енергија.
Објектите кои се приклучени во пробно и редовно греење во период од 01.01.2024- 31.12.2024 се дадени во табела 4.

Табела 4- Ново приклучен конзум

| Објекти во пробно греење за период јануари- декември 2024 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| подружница | вид на објект | број на објекти | инсталирана моќност (kW) | површина (м²) |
| ВКУПНО | **домаќинства** | **23** | **6.546** | **292.866** |
| | **останати** | **0** | **-** | **-** |
| | **образование** | **0** | **-** | **-** |
| | **вкупно** | **23** | **6.546** | **292.866** |

Барањата за приклучување и исклучување од веќе прикучени објекти се поднесуваат од страна на корисниците согласно Правилата за снабдување со топлинска енергија (Сл.весник на РСМ бр. 65/19 од 28.03.2019, Сл.весник на РСМ бр. 162/19 од од 06.08.2019, Сл.весник на РСМ бр.233/20 од 28.09.2020, Сл.весник на РСМ бр. 312/20 од 29.12.2020 и Сл.весник на РСМ бр.38/22 од 21.02.2022).
Согласно Законот за Енергетска ефикасност (Службен весник 32/20 од 10.02.2020, Сл.весник на РСМ бр.110/21 од 19.05.2021, Сл.весник на РСМ бр.236/22 од 07.11.2022), исклучувањето е овозможено по строго утврдени критериуми и изработка на елаборат од страна на енергетски контролор, што исто така допринесува кон намалување на бројот на исклучувања. Дополнително, согласно член 54 од Правилата за снабдување со топлинска енергија (Сл.весник на РСМ бр. 65/19 од 28.03.2019, Сл.весник на РСМ бр. 162/19 од од 06.08.2019, Сл.весник на РСМ бр.233/20 од 28.09.2020, Сл.весник на РСМ бр. 312/20 од 29.12.2020 и Сл.весник на РСМ бр.38/22 од 21.02.2022), овозможено е времено исклучување исклучиво за посебни делови од објектот кои не се користат.

Табела 5 Број на реализирани приклучувања - исклучувања

| Категорија | Приклучувања по барање | Новоприклучени (од нови објекти) | Исклучувања по барање | Присилно исклучување |
|---|---|---|---|---|
| Домаќинства | 415 | 1273 | 241 | 0 |
| Останати | 21 | 0 | 40 | 0 |
| Образование | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **вкупно** | **436** | 1273 | 281 | 0 |

Во однос на бројот на реализирани барања за приклучувања и исклучување во период од 01.01.2024-31.12.2024 приклучени се вкупно 436 потрошувач (кои претходно биле исклучени) и 1273 потрошувачи од нов објект, додека во однос на исклучувањата реализирани се вкупно 281 барања за исклучување од кои 230 барања се за поединечно времено исклучување и 51 барање е за исклучување од индивидуален објект.Бројот на реализирани барања за приклучувања и исклучување во период 01.01.2024-31.12.2024 е даден во табеларен приказ (табела 5).

### 5.3 .Центар за грижа на потрошувачи

Центарот за грижа на потрошувачи функционира и е во непосредна комуникација со потрошувачите. Преку овој центар, сите потрошувачи можат да ги добијат потребните информации во врска со фактурите за топлинска енергија, да се информираат за своите права и обврски, да добијат неопходни совети за оптимално загревање во своите простории и одржување на внатрешната грејна инсталација. Во период 01.01.2024-31.12.2024, преку Центарот за грижа на потрошувачи се пристигнати 22.986 барања преку телефон, 116 барања преку web и 2.005 барања преку архива. Во табелите 6,1-6,5 се се прикажани добиените и реализирани барања од Центарот за грижа за потрошувачи.

| Табела 6.1 - Вкупно пристигнати јавувања | 25.107 |
|---|---|
| Креирани барања до одговорни лица | 5.925 |
| Одговорени барања од операторите | 19.182 |

Табела 6.2 структура на пристигнати барања

| | |
|---|---|
| Пристигнати барања на web | 116 |
| Пристигнати барања преку СМС | - |
| Пристигнати барање преку телефон | 22.986 |
| Архива | 2.005 |
| вкупно | 25.107 |

Табела 6.3- структура на реализирани повици од Оператори

| Структура на реализирани повици од Оператори | 19.182 |
|---|---|
| Финансиски | 14.416 |
| Техничка Служба | 3.584 |
| Разно | 1.182 |

Табела 6.4- структура на креирани барања до одговорни лица

| Структура на креирани барања до Одговорни лица | 5.925 |
|---|---|
| Финансиски | 4.549 |
| Техничка Служба | 1.376 |

Табела 6.5-аналитичка структура на пристигнати барања

| ВКУПНО | 25.107 | 100% |
|---|---|---|
| Финансиски | 18.965 | 76% |
| Техничка Служба | 4.960 | 20% |
| Разно | 1.182 | 5% |

Дополнително, истите информации потрошувачите може да ги добијат и преку електронска комуникација на e-mail, преку кој Одделот за електронска комуникација, во период од 01.01.2024-31.12.2024 година, има регистрирано 11.338 електронски писма и барања по разни основи.

Во период 01.01.2024-31.12.2024, по основ на писмени барања по разни основи, поднесени се и реализирани вкупно 2.044 барања, при тоа може да се констатира дека барања за промена на корисник/сопственик се најчесто поднесени барања, додека останати барања по основ на проверка на нето затоплувана површина,

проверка на инсталирана снага и проверка на исклучен/приклучен потрошувач се исто така едни од редовните поднесоци од страна на потрошувачите.

Табела 7 - Добиени и реализирани останати писмени барања од потрошувачи

| ред. број | Опис на барањето | Вкупно барања |
|---|---|---|
| 1 | промена на корисник | 1.754 |
| 2 | начин на плаќање - во готово | 0 |
| 3 | начин на плаќање - на тековна сметка | 0 |
| 4 | промена на статус на плаќање - 8 месеци | 12 |
| 5 | промена на статус на плаќање - 12 месеци | 32 |
| 6 | проверка на нето затоплувана површина | 32 |
| 7 | проверка на инсталирана снага | 16 |
| 8 | проверка на квалитетот на греење | 59 |
| 9 | проверка на исклучен стан | 38 |
| 10 | проверка на приклучен стан | 101 |
| 11 | промена на цилиндер / катанец во топл. станица | 0 |

**5.4 Служба за контрола на квалитет на услуги и грижа на потрошувачи**

Спроведените активности во Служба за контрола на квалитет на услуги и грижа на корисници се реализирани со континуирана и навремена контрола, со изработка на записници врз основа на направени контроли на грејна површина, контрола на инсталирана моќ, одговор на дописи, контакт и прием на странки и одговор на телефонски повици во врска со горенаведената проблематика, изработка на решенија за ослободување од плаќање на фиксен дел од вкупниот надоместок за топлинска енергија и решенија за исклучување.
Во период 01.01.2024-31.12.2024, година во Служба за контрола на квалитет на услуги и грижа на корисници се реализирани 30.766 активности по сите основи (табела 8).

Табела 8 - Спроведени активности во Служба за контрола на квалитет на услуги и грижа на корисници

| | ТИП НА АКТИВНОСТ | БРОЈ НА АКТИВНОСТИ |
|---|---|---|
| 1 | Примени електронски барања и рекламации | 11338 |
| 2 | Донесени решенија за времено исклучување | 1076 |
| 3 | Донесени решенија за ослободување од фиксен надоместок | 179 |
| 4 | одговори на дописи | 402 |
| 5 | телефонски одговори | 13052 |
| 6 | внесени записници | 2990 |
| 7 | прием на странки | 1729 |

## 6. НАПЛАТА НА ПОБАРУВАЊАТА ЗА ИСПОРАЧАНА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА

### 6.1 Наплата на побарувањата кај категорија Домаќинства

Наплатата на побарувањата од категоријата домаќинства за 2024 година по месеци на задолжување и наплата со состојба на 31.12.2024 година, е прикажана во следниот табеларен преглед.

Табела 9 - **НАПЛАТА ПО МЕСЕЦИ НА КАТЕГОРИЈАТА ДОМАЌИНСТВА**

| месец | задолжение за месецот на 31.12.2024 | % на наплата 10 дена по валута (крај на I месец) | % на наплата 40 дена по валута (крај на II месец) | % на наплата 70 дена по валута (крај на III месец) | салдо на 31.12.2024 | наплатено до 31.12.2024 | % на наплата на 31.12.2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| дек.23 | 149.746.850,00 | 64,3% | 87,2% | 93,7% | 3.136.114,00 | 146.610.736,00 | 97,9% |
| јан.24 | 151.654.356,00 | 62,9% | 85,9% | 92,2% | 2.677.946,00 | 148.976.410,00 | 98,2% |
| фев.24 | 148.570.989,00 | 64,6% | 85,4% | 92,2% | 2.744.668,00 | 145.826.321,00 | 98,2% |
| мар.24 | 148.415.949,00 | 63,3% | 84,9% | 91,6% | 2.906.436,00 | 145.509.513,00 | 98,0% |
| апр.24 | 141.915.760,00 | 64,6% | 86,1% | 93,6% | 2.013.090,00 | 139.902.670,00 | 98,6% |
| мај.24 | 81.852.831,00 | 65,7% | 86,4% | 92,1% | 1.911.855,00 | 79.940.976,00 | 97,7% |
| јун.24 | 81.027.481,00 | 67,2% | 86,0% | 92,5% | 1.993.992,00 | 79.033.489,00 | 97,5% |
| јул.24 | 82.106.192,00 | 67,8% | 85,8% | 92,8% | 2.455.493,00 | 79.650.699,00 | 97,0% |
| авг.24 | 136.949.438,00 | 68,5% | 88,0% | 93,6% | 5.580.112,00 | 131.369.326,00 | 95,9% |
| септ.24 | 137.077.175,00 | 70,8% | 88,1% | 93,9% | 8.335.222,00 | 128.741.953,00 | 93,9% |
| окт.24 | 142.667.501,00 | 68,1% | 87,7% | | 17.561.759,00 | 125.105.742,00 | 87,7% |
| ноем.24 | 148.113.644,00 | 68,8% | | | 46.233.785,00 | 101.879.859,00 | 68,8% |
| вкупно | 1.550.098.166,00 | | | | 97.550.472,00 | 1.452.547.694,00 | **93,7%** |

Графикон 2 - **НАПЛАТА 10, 40, 70 ДЕНА ПО ВАЛУТА - ДОМАЌИНСТВА**




Наплатата на месечните задолженијата кај категоријата домаќинства, на 31.12.2024 година покажува вкупен просечен процент од **93,7 %.**

Во процесот на наплата на побарувањата во изминатиов период преземени се низа мерки и инструменти кои се во насока на постигнување на што подобра наплата, како што се:

1. брза и ефикасна достава на фактурите до потрошувачите со значителен акцент на ефикасна контрола на доставата на фактурите и на зголемување на бројот на потрошувачи кои фактурите ги добиваат по електронски пат;
2. изработка на портфолио на потрошувачи со цел телефонско потсетување за нивниот неплатен долг;
3. континуирна изработка на опомени за неплатен долг и нивна брза и ефикасна достава до крајните потрошувачи;
4. контрола, уточнување на матичните податоци и зголемување на бројот на потпишани договори со потрошувачите;
5. прикажување на информација за висината на неплатениот редовен долг на месечните фактури за топлинска енергија.

Со цел подобар однос со потрошувачите Друштвото има 4 наплатни центри кои вршат наплата на побарувања за топлинска енергија. Нивната локација е во општина Аеродром, општина Центар, општина Карпош и во општина Гази Баба - Автокоманда.
Согласно новите дигитални банкарски трендови во наплатните центри на ЕСМ Снабдување со топлина поставени се дигитални киосци за наплата со што им е овозможено на потрошувачите 24 часа во текот на денот да си ги плаќаат фактурите за топлинска енергија.
Во прилог Ви прикажуваме табеларен приказ по месеци за износот наплатен на дигиталните киосци на ЕСМ Снабдување со топлина.

Табела 10 – **ИЗНОС НАПЛАТЕН НА ДИГИТАЛНИТЕ КИОСЦИ НА ЕСМ СНАБДУВАЊЕ**

| месец | бр на уплати | износ уплатен на киоск на ЕСМ |
|---|---|---|
| мај/2024 | 116 | 249.029,00 |
| јуни/2024 | 391 | 631.949,00 |
| јули/2024 | 554 | 809.129,00 |
| август/2024 | 530 | 727.807,00 |
| септември/2024 | 631 | 1.230.662,00 |
| октомври/2024 | 734 | 1.515.144,00 |
| ноември/2024 | 594 | 1.268.702,00 |
| декември/2024 | 724 | 1.626.508,00 |
| вкупно | 4274 | 8.058.930,00 |

## 6.2 Наплата на побарувањата кај категорија Останати

Наплатата на побарувањата од категоријата останати за 2024 година по месеци на задолжување и наплата со состојба на 31.12.2024 година, е прикажана во следниот табеларен преглед.

Табела 11 - **НАПЛАТА ПО МЕСЕЦИ НА КАТЕГОРИЈАТА ОСТАНАТИ**

| месец | задолжение за месецот на 31.12.2024 | % на наплата 10 дена по валута (крај на I месец) | % на наплата 40 дена по валута (крај на II месец) | % на наплата 70 дена по валута (крај на III месец) | салдо на 31.12.2024 | наплатено до 31.12.2024 | % на наплата на 31.12.2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| дек.23 | 239.015.499,00 | 36,6% | 70,7% | 80.1% | 18.064.926,00 | 220.950.573,00 | 92,4% |
| јан.24 | 241.917.062,00 | 40,1% | 68,1% | 73,1% | 22.819.819,00 | 219.097.243,00 | 90,6% |
| фев.24 | 115.602.761,00 | 36,6% | 68,5% | 72,2% | 11.566.545,00 | 104.036.216,00 | 90,0% |
| мар.24 | 93.326.023,00 | 42,3% | 64,5% | 69,6% | 10.266.207,00 | 83.059.816,00 | 89,0% |
| апр.24 | 51.056.592,00 | 35,8% | 53,2% | 58,8% | 6.112.499,00 | 44.944.093,00 | 88,0% |
| мај.24 | 39.823.770,00 | 38,1% | 52,7% | 58,6% | 10.517.982,00 | 29.305.788,00 | 73,6% |
| јун.24 | 39.388.628,00 | 39,7% | 57,9% | 60,9% | 10.680.311,00 | 28.708.317,00 | 72,9% |
| јул.24 | 39.378.798,00 | 45,4% | 56,7% | 63,3% | 11.107.870,00 | 28.270.928,00 | 71,8% |
| авг.24 | 21.134.884,00 | 36,7% | 61,5% | 63,6% | 5.766.493,00 | 15.368.391,00 | 72,7% |
| септ.24 | 21.125.416,00 | 50,2% | 61,1% | 65,7% | 7.241.179,00 | 13.884.237,00 | 65,7% |
| окт.24 | 37.454.478,00 | 52,0% | 67,2% | | 12.296.434,00 | 25.158.044,00 | 67,2% |
| ноем.24 | 99.962.569,00 | 58,4% | | | 41.601.422,00 | 58.361.147,00 | 58,4% |
| вкупно | 1.039.186.480,00 | | | | 168.041.687,00 | 871.144.793,00 | **83,8%** |

Графикон 3 - **НАПЛАТА 10, 40, 70 ДЕНА ПО ВАЛУТА - ОСТАНАТИ**




Наплатата на месечните задолженијата кај категоријата останати, на 31.12.2024 година покажува вкупен просечен процент од **83,8 %**.

Кај потрошувачите од категоријата останати потрошувачи како и кај потрошувачите од категоријата домаќинства во изминатиот период преземени се низа мерки и инструменти во насока на подобрување на наплатата како што се :

1. континуирана изработка и достава на опомени за неплатен долг до потрошувачите;

2. секојдневна комуникација со вработените задолжени за плаќање на фактурите за топлинска енергија во министерствата, општините, градот, државните агенции и институции, големи компании и локали;
3. побрза и поефикасна достава на месечните фактури, спецификации по фактури и останата документација;
4. контрола и уточнување на матичните податоци;
5. прикажување на информација за висината на неплатениот редовен долг на месечните фактури за топлинска енергија.

Би сакале да напоменеме дека кај потрошувачите од категоријата останати сме во постојана комуникација со цел наплата на фактурите во валутен рок.

### 6.3 Вкупна наплата на побарувањата кај категорија Домаќинства и Останати

Вкупната наплата на побарувањата за 2024 година по месеци на задолжување и наплата со состојба на 31.12.2024 година, е прикажана во следниот табеларен преглед.

Табела 12 - **ВКУПНА НАПЛАТА ПО МЕСЕЦИ - КАТЕГОРИЈАТА ОСТАНАТИ + КАТЕГОРИЈА ДОМАЌИНСТВА**

| месец | задолжение за месецот на 31.12.2024 | % на наплата 10 дена по валута (крај на I месец) | % на наплата 40 дена по валута (крај на II месец) | % на наплата 70 дена по валута (крај на III месец) | салдо на 31.12.2024 | наплатено до 31.12.2024 | % на наплата на 31.12.2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| дек.23 | 388.762.349,00 | 47,3% | 77,1% | 85,3% | 21.201.040,00 | 367.561.309,00 | 94,5% |
| јан.24 | 393.571.418,00 | 48,9% | 74,9% | 80,5% | 25.497.765,00 | 368.073.653,00 | 93,5% |
| фев.24 | 264.173.750,00 | 52,4% | 78,0% | 83,4% | 14.311.213,00 | 249.862.537,00 | 94,6% |
| мар.24 | 241.741.972,00 | 55,2% | 77,0% | 83,1% | 13.172.643,00 | 228.569.329,00 | 94,6% |
| апр.24 | 192.972.352,00 | 57,1% | 77,4% | 84,4% | 8.125.589,00 | 184.846.763,00 | 95,8% |
| мај.24 | 121.676.601,00 | 56,7% | 75,4% | 81,1% | 12.429.837,00 | 109.246.764,00 | 89,8% |
| јун.24 | 120.416.109,00 | 58,2% | 76,8% | 82,2% | 12.674.303,00 | 107.741.806,00 | 89,5% |
| јул.24 | 121.484.990,00 | 60,5% | 76,4% | 83,2% | 13.563.363,00 | 107.921.627,00 | 88,8% |
| авг.24 | 158.084.322,00 | 64,2% | 84,4% | 89,6% | 11.346.605,00 | 146.737.717,00 | 92,8% |
| септ.24 | 158.202.591,00 | 68,1% | 84,5% | 90,2% | 15.576.401,00 | 142.626.190,00 | 90,2% |
| окт.24 | 180.121.979,00 | 64,8% | 83,4% | | 29.858.193,00 | 150.263.786,00 | 83,4% |
| ноем.24 | 248.076.213,00 | 64,6% | | | 87.835.207,00 | 160.241.006,00 | 64,6% |
| вкупно | 2.589.284.646,00 | | | | 265.592.159,00 | 2.323.692.487,00 | **89,7%** |

Графикон 4 – **ВКУПНА НАПЛАТА 10, 40, 70 ДЕНА ПО ВАЛУТА - КАТЕГОРИЈА ДОМАЌИНСТВА + ОСТАНАТИ**



Вкупната наплата на месечните задолженијата на 31.12.2024 година покажува вкупен просечен процент од **89,7 %**.

### 6.4 Вкупен приливи на парични средства

Во продолжение е прикажан табеларен преглед за прилив на парични средства за 2024 година во однос на фактурираното заклучно со 31.12.2024 година.

Табела 13 - **ПРИЛИВ НА ПАРИЧНИ СРЕДСТВА**

| фактурирано во месец | Износ на фактурирано | прилив во месец | % |
|---|---|---|---|
| декември/2023 | 390.513.869,00 | | |
| јануари/2024 | 393.671.713,00 | 247.667.163,00 | |
| февруари/2024 | 264.414.873,00 | 344.210.863,00 | |
| март/2024 | 242.088.345,00 | 291.946.752,00 | |
| април/2024 | 196.365.709,00 | 250.013.628,00 | |
| мај/2024 | 121.859.829,00 | 201.419.490,00 | |
| јуни/2024 | 120.417.672,00 | 144.532.037,00 | |
| јули/2024 | 121.583.163,00 | 138.242.073,00 | |
| август/2024 | 158.194.891,00 | 119.644.028,00 | |
| септември/2024 | 158.240.985,00 | 158.206.788,00 | |
| октомври/2024 | 180.103.773,00 | 208.417.812,00 | |
| ноември/2024 | 248.172.336,00 | 161.310.187,00 | |
| декември/2024 | | 279.230.656,00 | |
| вкупно | 2.595.627.158,00 | 2.544.841.477,00 | 98,0% |

Табелата покажува дека вкупните приливи (приливи по основ на фактури, каматни листи и нотарски трошоци) во однос на фактурираната топлинска енергија на 31.12.2024 година изнесуваат **98,0 %.**

## 7. ТУЖЕНИ ПОБАРУВАЊА

Друштво за снабдување со топлинска енергија ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје започна со утужување на потрошувачи за неплатени фактури за топлинска енергија на 07.07.2023 и заклучно со 31.12.2024 година вкупно се утужени 7510 потрошувачи во 3 турнуси. Во прviот турнус на 07.07.2023 се утужени 2095 потрошувачи кои не ги подмириле обврските за месеците октомври, ноември и декември 2022 година, од вкупно 68.706 потрошувачи кои добиваат фактури за топлинска енергија. Во вториот турнус на 31.01.2024 и 05.02.2024 се утужени вкупно 2347 потрошувачи кои не ги подмириле обврските за месеците јануари, февруари, март, април, мај, јуни и јули 2023 година, од вкупно 68.706 потрошувачи кои добиваат фактури за топлинска енергија. Во третиот турнус на 30.04.2024 вкупно се утужени 3096 потрошувачи кои не ги подмириле обврските за месеците август, септември, октомври, ноември и декември 2023 година, од вкупно 79.115 потрошувачи кои добиваат фактури за топлинска енергија.

Предметите за утужување во законски рок беа доставени до надлежните нотари, а согласно важечкото законско решение (Закон за нотаријатот) на вкупен износ до 15.000,00 денари беа поднесени директно преку

Оддел за тужени побарувања, а над 15.000,00 денари вкупен долг беа поднесени преку адвокати застапници на друштвото.

### 7.1. Наплата на тужени побарувања за 2024 година

#### 7.1.1. Наплата на тужени побарувања во категорија Домаќинства

Наплатата на тужени побарувања во категоријата домаќинства заклучно со 31.12.2024 година е прикажана во следниот табеларен преглед.

Табела 14 – Наплата на тужени побарувања – Домаќинства

| Година на изработка на тужба | Турнус | Тужен главен долг | Трошоци | Вкупен тужен долг (главен долг + трошоци) | Наплатен тужен вкупен долг | % на наплата на вкупен долг |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2023/2024 | 1,2 и 3 | 45.351.450,00 | 7.465.295,00 | 52.816.745,00 | 18.417.223,00 | 34,87% |

Графикон 5 - Наплата на тужени побарувања – Домаќинства




Наплатата во категоријата домаќинства за 2024 година, започната на 07.07.2023 година изнесува 35%, а преостанатиот вкупен долг е 65%.

#### 7.1.2. Наплата на побарувања во категорија Останати

Наплатата на тужени побарувања во категоријата останати заклучно со 31.12.2024 година е прикажана во следниот табеларен преглед.

Табела 15 – Наплата на тужени побарувања – Останати

| Година на изработка на тужба | Турнус | Тужен главен долг | Трошоци | Вкупен тужен долг (главен долг + трошоци) | Наплатен тужен вкупен долг | % на наплата на вкупен долг |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2023/2024 | 1 и 2 | 54.234.410,00 | 1.127.167,00 | 55.361.577,00 | 27.864.938,00 | 50,33% |

Графикон 6 - Наплата на тужени побарувања – Останати




Наплатата во категоријата останати за 2024 година, започната на 07.07.2023 година изнесува 50%, а преостанатиот вкупен долг е 50%.

**Забелешка: Во третиот турнус не беа опфатени деловни корисници*

**7.1.3. Вкупна наплата на тужени побарувања (Домаќинства и Останати)**

Наплатата на вкупните тужени побарувања (Домаќинства и Останати) заклучно со 31.12.2024 година е прикажана во следниот табеларен преглед.

Табела 16 - Вкупна наплата на тужени побарувања

| Година на изработка на тужба | Турнус | Тужен главен долг | Трошоци | Вкупен тужен долг (главен долг + трошоци) | Наплатен тужен вкупен долг | % на наплата на вкупен долг |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2023/2024 | 1,2 и 3 | 99.585.860,00 | 8.592.462,00 | 108.178.322,00 | 46.282.161,00 | 42,78% |

Графикон 7 - Вкупна наплата на тужени побарувања




Вкупната наплата за 2024 година, започната на 07.07.2023 година изнесува 43%, а преостанатиот вкупен долг е 57%.

**7.2. Статус на тужби за 2024 година**

Статусот на тужбите поединечно во сите постапки за 2024 година е прикажан во следните табели

Табела 17 – Статус на тужби за предмети во нотарска постапка

| Година на изработка на тужба | Турнус | Вкупно тужби | Целосно завршени предмети во нотарска постапка | Предмети започнати со наплата во нотарска постапка | Преостанати предмети во нотарска постапка |
|---|---|---|---|---|---|
| 2023/2024 | 1,2 и 3 | 2690 | 1658 | 366 | 666 |

Од вкупно 7510 поднесени тужби заклучно со 31.12.2024 година во нотарска постапка се преостанати 2690 тужби од кои 1658 се целосно завршени, 366 тужби се започнати со наплата и 666 тужби се преостанати во нотарска постапка од кои дел се правосилни и ќе бидат доставени за извршување во 2025 година, дел се со неуредна достава (починати, иселени и сл.). За останатите се превземаат понатамошни дејствија за успешна наплата и подобри резултати.

Табела 18 – Статус на тужби за предмети во извршна постапка

| Година на изработка на тужба | Турнус | Вкупно тужби | Целосно завршени предмети во извршна постапка | Предмети започнати со наплата во извршна постапка | Преостанати предмети во извршна постапка |
|---|---|---|---|---|---|
| 2023/2024 | 1,2 и 3 | 4725 | 1042 | 206 | 3477 |

Од вкупно 4725 предмети во извршна постапка 1042 се целосно завршени, 206 предмети се започнати со наплата, додека преостанати се 3477 предмети кои се во постапка за присилна наплата.

Табела 19 – Статус на тужби за предмети во судска постапка

| Година на изработка на тужба | Турнус | Вкупно тужби/приговори | Целосно завршени предмети во судска постапка | Предмети започнати со наплата во судска постапка | Преостанати предмети во судска постапка |
|---|---|---|---|---|---|
| 2023/2024 | 1,2 и 3 | 95 | 3 | 6 | 86 |

Од вкупно 95 приговори во судска постапка 3 предмети се целосно завршени, 6 се започнати со наплата, а преостанатите 86 се сеуште активни во судска постапка.

### 7.3. Осврт на резултатот за тужени побарувања за 2024 година

Одделението за тужени побарувања и застапување презема низа мерки за постигнување подобра наплата, но клучниот фактор во овој процес зависи и од надворешни фактори, како исходот на успешна достава на тужбите, достапноста и финансиската способност на должниците.

Присилната наплата во извршна постапка е спора но ефикасна и во најголем број случаи зависи директно од расположливите средства на должникот кои се предмет на извршување.

Како дополнителен недостаток кој ја отежнува наплатата на тужени побарувања, е недостаток на лични податоци за должниците кои немаат склучено Договор за снабдување со топлинска енергија. Споредбено, согласно јавно достапните податоци за наплата на тужени побарувања на други по големи енергетски, комунални компании, банки, наплатата на тужени побарувања на ЕСМ Снабдување е предводник на листата со најдобра наплата пред останатите, имајќи го и во предвид фактот дека наплатата се одвива на необезбедено парично побарување, постои недостаток на матични податоци за должниците, како и финансиската неспособност односно презадолженоста на должниците.

## 8. ЈАВНИ НАБАВКИ

Годишниот план за јавни набавки за 2024 година на ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје беше одобрен и усвоен од Надзорниот одбор на Друштвото и Управниот Одбор на АД ЕСМ и во него беа опфатени услуги, стоки и работи неопходни за работа на Друштвото во текот на 2024 година.

Согласно Годишниот план за јавни набавки во 2024 година се реализирани следните набавки:

| Број на оглас | Датум на оглас | Предмет на набавка | Вид на постапка | Вредност на набавка (без вклучено ДДВ) |
|---|---|---|---|---|
| 01031/2024 | 29.01.2024 | Одржување на софтвер за сметководствено работење - Пантеон | Набавки од мала вредност | 396.940,00 |
| 01037/2024 | 29.01.2024 | Канцелариски материјали | Поедноставена отворена постапка | 2.816.913,00 |
| 01674/2024 | 06.02.2024 | Набавка на мрежа и ИТ инфраструктура, сервер со софтвер за заштита, компјутери и компјутерска опрема | Отворена постапка | 6.198.500,00 |
| 01974/2024 | 09.02.2024 | Услуги за интернет, фиксна телефонија | Поедноставена отворена постапка | 1.998.000,00 |
| 02548/2024 | 15.02.2024 | Сервис и резервни делови за машини за печатење | Набавки од мала вредност | 600.000,00 |
| 02553/2024 | 15.02.2024 | Гориво за возила | Набавки од мала вредност | 580.685,00 |
| 03398/2024 | 26.02.2024 | Машини за печатење фактури | Поедноставена отворена постапка | 1.988,000,00 |
| 04115/2024 | 06.03.2024 | Киоск уред за безготовинска уплата | Поедноставена отворена постапка | 2.901.000,00 |
| 04287/2024 | 07.03.2024 | Хигиенски средства | Поедноставена отворена постапка | 598.919,00 |
| 05254/2024 | 20.03.2024 | Услуги за колективно осигурување, осигурување на готовина, основни средства, недвижен имот и возила | Поедноставена отворена постапка | 507.485,00 |
| 05482/2024 | 22.03.2024 | Набавка на софтвер и апарати за евиденција на работно време | Поедноставена отворена постапка | 489.750,00 |
| 05581/2024 | 25.03.2024 | Производи за бифе | Набавки од мала вредност | 185.914,00 |
| 06430/2024 | 05.04.2024 | Возила | Поедноставена отворена постапка | 2.437.064,18 |
| 06831/2024 | 12.04.2024 | Термални камери | Набавки од мала вредност | 102.001,00 |
| 06834/2024 | 12.04.2024 | Тонери | Набавки од мала вредност | 292.845,00 |
| 11742/2024 | 15.07.2024 | Резервни делови и сервис на возила | Поедноставена отворена постапка | 600.000,00 |
| 20329/2024 | 27.11.2024 | Изнајмување на мултифункциски уреди | Набавки од мала вредност | 144.000,00 |
| | 15.11.2024 | Превентивно и адаптивно одржување на апликативно софтверско решение - Билинг и хостинг | Постапка со преговарање без претходно објавување на оглас | 8.500.000,00 |
| | 27.11.2024 | Превентивно и адаптивно одржување на софтверско решение за комуникација со потрошувачите на топлинска енергија | Постапка со преговарање без претходно објавување на оглас | 1.080.000,00 |

# 9. ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО

## 9.1 Извештај за сеопфатна добивка

**ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ**
**ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА**
**01.01.2024-31.12.2024**

| | 2024<br>Денари | 2023<br>Денари |
|---|---|---|
| Приходи од продажба | 2.544.305.249 | 2.725.823.919 |
| Останати оперативни приходи | 6.590.048 | 2.093.584 |
| Промени во залихи на готови производи и недовршено п-во | - | - |
| Трошоци за материјали и суровини | (4.448.875) | (6.093.929) |
| Трошоци за вработени | (123.599.849) | (102.106.430) |
| Амортизација | (6.258.075) | (3.177.970) |
| Останати оперативни расходи | (2.514.696.163) | (2.630.302.220) |
| **Оперативна добивка (загуба)** | (98.107.665) | (13.763.045) |
| Приходи од финансирање | 31.947.585 | 16.879.010 |
| Расходи од финансирање | (327) | (2.413) |
| Удел во добивките и загубите на придружени друштва и заеднички вложувања | - | - |
| **Добивка (загуба) од редовно работење** | (66.160.406) | **3.113.552** |
| Добивка (загуба) од прекинато работење | - | - |
| **Добивка (загуба) пред оданочување** | (66.160.406) | **3.113.552** |
| Расход за данок од добивка | - | - |
| **Нето добивка (загуба) за годината** | (66.160.406) | **3.113.552** |
| **Останата сеопфатна добивка:** | | |
| Ревалоризација на средства | - | - |
| Курсни разлики од странски валути | - | - |
| Промени во објективна вредност на вложувања расположливи за продажба | - | - |
| Останато | - | - |
| **Вкупно останата сеопфатна добивка** | - | - |
| **Вкупна сеопфатна добивка (загуба)** | (66.160.406) | **3.113.552** |

## 9.2 Извештај за финансиска состојба

**ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ**
**ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА**
**31.12.2024**

| | 31.12.2023 Денари | 31.12.2023 Денари |
|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | |
| **Нетековни средства** | | |
| Нематеријални средства | 18.020.739 | 17.657.961 |
| Материјални средства | 16.257.003 | 7.427.844 |
| Долгорочни побарувања | - | - |
| Одложени даночни средства | - | - |
| **Вкупно нетековни средства** | 34.277.741 | 25.085.805 |
| **Тековни средства** | | |
| Залихи | - | - |
| Побарувања | 531.181.097 | 716.929.023 |
| Краткорочни финансиски средства | - | - |
| Парични средства и еквиваленти | 42.016.716 | 132.382.696 |
| Платени трошоци за идни периоди | 9.379.368 | 27.862.774 |
| **Вкупно тековни средства** | 582.577.181 | 877.174.493 |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | 616.854.922 | 902.260.298 |
| **ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | | |
| **Главнина и резерви** | | |
| Основна главнина | 308.000 | 308.000 |
| Резерви | 467.033 | - |
| Ревалоризациони резерви | - | - |
| Акумулирана добивка | (76.274.640) | (9.647.201) |
| **Главнина на сопствениците на Друштвото** | (75.499.607) | (9.339.201) |
| Неконтролирано учество | - | - |
| **Вкупно главнина** | (75.499.607) | (9.339.201) |
| **Нетековни обврски** | | |
| Долгорочни кредити и заеми | - | - |
| Одложени даночни обврски | - | - |
| Останати долгорочни обврски | - | - |
| **Вкупно нетековни обврски** | - | - |
| **Тековни обврски** | | |
| Обврски спрема добавувачи | 648.143.396 | 798.940.421 |
| Обврски за аванси | - | - |
| Краткорочни кредити и заеми | - | - |
| Останати краткорочни обврски и ПВР | 44.211.133 | 112.659.078 |
| **Вкупно тековни обврски** | 692.354.529 | 911.599.499 |
| Обврски по основ на средства наменети за продажба | - | - |
| **Вкупно обврски** | 692.354.529 | 911.599.499 |
| **ВКУПНО ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | 616.854.922 | 902.260.298 |

## 9.3 Извештај за парични текови

**ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ**
**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ**
**01.01.2024-31.12.2024**

| | 2024<br>Денари |
|---|---|
| **Парични текови од оперативни активности** | |
| **Добивка пред оданочување** | (66.160.406) |
| **Усогласување за:** | |
| Амортизација на материјални средства | 4.296.309 |
| Амортизација на нематеријални средства | 1.961.766 |
| Расходи од камати | 327 |
| Приходи од камати | (31.947.558) |
| Приходи од отпис на обврски | (29.865) |
| Исправка на вредност на побарувања | 60.275.975 |
| **Добивка (загуба) пред промени во обртни средства** | (31.603.452) |
| | |
| Промени кај побарувањата | 125.471.952 |
| Промени кај залихите | - |
| Промени кај однапред платени трошоци | 18.483.406 |
| Промени кај обврски од добавувачи | (150.767.160) |
| Промени кај примени аванси | - |
| Промени кај останати тековни обврски и ПВР | (68.447.945) |
| **Нето пари употребени во работењето** | (106.863.200) |
| | |
| Платена камата | (327) |
| Платен/повратен данок од добивка | - |
| **Нето парични текови од оперативни активности** | (106.863.527) |
| | |
| **Парични текови од вложувачки активности** | |
| Приливи (одливи) од долгорочни финансиски средства, нето | - |
| Приливи (одливи) од краткорочни финансиски средства, нето | - |
| Примени камати | 31.947.558 |
| Купување/продавање на вложувања во недвижности | - |
| Купување/продавање на материјални средства | (13.125.469) |
| Купување/продавање на нематеријални средства | (2.324.543) |
| **Нето парични текови од вложувачки активности** | 16.497.547 |
| | |
| **Парични текови од финансиски активности** | |
| Уплатен капитал | - |
| Искористени (вратени) долгорочни кредити, нето | - |
| Искористени (вратени) краткорочни кредити, нето | - |
| **Нето парични текови од финансиски активности** | - |
| | |
| **Нето зголемување (намалување) на парични средства** | (90.365.980) |
| | |
| **Парични средства на почетокот на годината** | 132.382.696 |
| **Парични средства на крајот од годината** | 42.016.716 |

## 9.4 Извештај за промени во главнина

**ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ**
ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ НА ГЛАВНИНАТА
**31.12.2024**

| | Основна главнина | Резерви | Акумулирана добивка (загуба) | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Во Денари** | | | | |
| **Состојба на 1. Јануари 2024** | 308.000 | - | (9.647.201) | (9.339.201) |
| **Сеопфатна добивка:** | | | | |
| Добивка (загуба) за периодот | - | - | (66.160.406) | (60.160.406) |
| Ревалоризација на средства | - | | | - |
| Курсни разлики од странски валути | - | - | - | - |
| Промени во објективна вредност на вложувања расположливи за продажба | - | - | - | - |
| Останато | - | - | | - |
| **Вкупно сеопфатна добивка** | - | - | (66.160.406) | (60.160.406) |
| **Трансакции со сопствениците:** | | | | |
| Уплатени влогови/акции | - | - | - | - |
| Издвојување за резерви | - | 467.033 | (467.033) | - |
| Издвојување за дивиденди | - | | | - |
| Откупени сопствени акции | - | - | - | - |
| Продадени сопствени акции | - | - | - | - |
| Останато | - | - | | - |
| **Состојба на 31.Декември 2024** | 308.000 | 467.033 | (76.274.640) | (75.499.607) |

**9.5 Белешки кон финансиските извештаи**
**Основи за подготовка на финансиските извештаи**

Финансиските извештаи на Друштвото ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје се изработени во согласност со Меѓународните сметководствени стандарди и Меѓународните стандарди за финансиско известување кои се применуваат во Р.С.М во согласно со Законот за трговски друштва.

**9.6 Извештај за сеопфатна добивка**
**Остварен финансиски резултат**

Загубата на Друштвото ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје во текот на 2024 година изнесува **66.160.406** денари.
Финансискиот резултат произлегува од помалку остварени приходи во однос на трошоците за периодот во 2024 година. Согласно тарифниот систем за продажба на топлинска енергија, топлинската енергија кон најголем дел од потрошувачите се фактурира на 12 месеци од кои авансни фактури се во периодот од август до април и порамнителни фактури од мај до јули.

**Приходи од продажба**

Во текот на 2024 година остварени се приходи од продажба на топлинска енергија во износ од **2.544.305.249** денари.
Од приходите од топлинска енергија 680.979.808 денари се приходи по основ на фактурирана топлинска енергија на категоријата Останати, 1.495.095.253 денари се приходи по основ на фактурирана топлинска енергија на категоријата Домаќинства, додека 178.329.890 денари се приходи по основ на фактурирана топлинска енергија на категоријата Образование (категоријата Образование не постои во Тарифниот систем, односно ја има истата тарифа како и категоријата Останати). Дел од приходот за топлинска енергија за категоријата Домаќинства со одлука на Владата на РСМ е финансиски поддржан од страна на Владата преку АД ЕСМ, во износ од 140.707.970 денари. Во приходот од топлинска енергија влегува и дел од приходот кој беше фактуриран кон претходниот снабдувач со топлинска енергија Снабдување со топлина БЕ ДООЕЛ заради остварен фактор на корекција во 2022 година, во износ од 49.192.328 денари.

Овој приход е остварен од продажба на **463.501.851 kWh** топлинска енергија на праг на потрошувач.

Тарифи за топлинска енергија во 2024 година
Тарифи по кој што фактурираше Друштвото во текот на 2024 година кон крајните потрошувачи за топлинска енергија се утврдените од Регулаторната комисија за Енергетика и водни услуги со три последователни Одлуки за цена на топлинска енергија.

Во период од 01.01.2024 до 31.01.2024 година

| Ред.бр. | ТАРИФНИ СТАВОВИ | Единица мерка | износ |
|---|---|---|---|
| | **КАТЕГОРИЈА ДОМАЌИНСТВА** | | |
| 1. | Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место | ден/kW/ година | 1.688,5984 |
| 2. | Топлинска енергија на ниво на мерно место | ден/kWh | 2,9392 |
| | **КАТЕГОРИЈА ОСТАНАТИ** | | |
| 1. | Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место | ден/kW/ година | 4.559,2157 |
| 2. | Топлинска енергија на ниво на мерно место | ден/kWh | 7,9358 |

Во период од 01.02.2024 до 31.07.2024 година

| Ред бр. | ТАРИФНИ СТАВОВИ | единица мерка | износ |
|---|---|---|---|
| КАТЕГОРИЈА ДОМАЌИНСТВА | | | |
| 1. | Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место | ден/kW/година | 1.688,5984 |
| 2. | Топлинска енергија на ниво на мерно место | ден/kWh | 2,9392 |
| КАТЕГОРИЈА ОСТАНАТИ | | | |
| 1. | Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место | ден/kW/година | 2.955,0472 |
| 2. | Топлинска енергија на ниво на мерно место | ден/kWh | 5,1436 |

Во период од 01.08.2024 до 31.12.2024 година

| Ред.бр. | ТАРИФНИ СТАВОВИ | Единица мерка | износ |
|---|---|---|---|
| КАТЕГОРИЈА ДОМАЌИНСТВА | | | |
| 1. | Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место | ден/kW/ година | 1.396,2789 |
| 2. | Топлинска енергија на ниво на мерно место | ден/kWh | 2,4292 |
| КАТЕГОРИЈА ОСТАНАТИ | | | |
| 1. | Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место | ден/kW/ година | 2.443,4881 |
| 2. | Топлинска енергија на ниво на мерно место | ден/kWh | 4,2511 |

**Останати оперативни приходи**

Останатите оперативни приходи се во износ од 6.590.048 денари. Во нив се вклучени приходи од задолжени нотарски и адвокатски трошоци и задолжени трошоци за обработка на тужби кон потрошувачите на топлинска енергија.

**Приходи од финансирање**

Приходите од финансирање кои се пресметани до датумот на билансот на успех, се искажуваат како приходи во годината која се однесуваат, независно дали истите се наплатени.

Приходите од финансирање во текот на 2024 година се со вкупен износ од 31.947.585 денари.

Тоа се камати за задоцнето плаќање на испорачаната топлинска енергија од двете категории тарифни потрошувачи(домаќинства и останати).

**Остварени трошоци во текот на 2024 година**

Во текот на 2024 година ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје оствари вкупни трошоци во износ од 2.649.003.289 денари. Во рамките на вкупните трошоци најголем дел, односно 91% припаѓаат на трошоците за набавена топлинска енергија во износ од 2.414.234.859 денари, останатиот дел припаѓа на оперативните трошоци на Друштвото за извршување на дејноста снабдување со топлинска енергија во вкупен износ од 234.768.430 денари.

**Трошоци за материјали и суровини**

Оваа група на трошоци во текот на 2024 година изнесува 4.448.875 денари. Во оваа група на трошоци припаѓаат трошоците за потрошени канцелариски материјали, трошоци за енергија, потрошен друг помошен материјал, трошоци за работни униформи и слично.

**Трошоци за вработени**

Вкупните трошоци за вработени во текот на 2024 година изнесуваат 123.599.849 денари.

Најголем дел од нив се однесуваат на исплатени бруто плати на вработените во износ од 115.242.353 денари и останати трошоци за вработени (регрес за годишен одмор, отпремнини за пензија, осигурување и останати трошоци) во износ од 8.357.496 денари.

**Амортизација**

Трошоците за амортизација во текот на 2024 година се со вкупен износ до 6.258.075 денари.

Амортизацијата на основните средства е пресметана со примена на пропорционален (линеарен) метод за амортизирање на основните средства во текот на нивниот корисен век на употреба со примена на следните стапки на амортизација:

| | |
|---|---|
| - Софтвер и лиценци | 10% |
| - Патнички автомобили | 25% |
| - Канцелариски мебел | 20% |
| - Компјутери | 25% |

**Трошоци за набавена топлинска енергија**

Трошоците за набавена топлинска енергија од страна на дустрибутерот на топлинска енергија вклучуваат три категории на трошоци:

- Набавена топлинска енергија во износ од 1.788.697.943 денари
- Трошоци за користење на дистрибутивен систем во износ од 371.859.007 денари
- Трошоци за системски услуги и системска резерва во износ од 253.677.909 денари

Вкупните трошоци за набавена топлинска енергија се во износ од 2.414.234.859 денари.

**Останати оперативни трошоци**

Останатите оперативни трошоци се во износ од 100.461.304 денари. Во нив најголеми категории се трошоци за вредносно усогласување на побарувањата во износ од 60.275.975 денари трошоците за банкарски услуги за наплата на сметки во износ од 13.238.765 денари, , трошоци за закуп на деловен простор во износ од 8.053.165 денари, адвокатски и нотарски трошоци за тужби во износ од 6.204.877 денари, телекомуникациски и поштенски услуги во износ од 3.388.780 денари и останати трошоци во работењето.

**9.7 Извештај за финансиска состојба**

**Средства**

Вкупните средства во текот на 2024 година на ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје изнесуваат 616.854.922 денари. Во рамките на вкупните средства тековните средства учествуваат со 94%, односно истите изнесуваат 582.577.181 денари.

Најголемо учество во тековните средства имаат побарувањата од купувачи кои изнесуваат 531.181.097 денари.

Во рамките на групата тековни средства се јавува и групата парични средства и еквиваленти која на 31.12.2024 година е во износ од 42.016.716 денари.

Вкупните нетековни средства на ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје во текот на 2024 година изнесуваат 34.277.741 денари и истите се состојат од нематеријални средства, недвижности постројки и опрема со кои располага Друштвото.

**Капитал и Обврски**

Вкупните обврски на 31 декември 2024 година изнесуваат 692.354.529 денари.

Обврските спрема добавувачите се во износ од 648.143.396 денари, од кои најмногу се кон поврзаното Друштво ЕСМ Дистрибуција на топлина ДООЕЛ Скопје за набавена топлинска енергија во износ од 645.484.129 денари.
Останатите краткорочни обврски на Друштвото заклучно со 31.12.2024 година сочинуваат пасивни временски разграничување и неисплатена плата за декември 2024 година.

**9.8 Извештај за Парични текови**

**Парични текови од оперативни активности**

Паричниот тек од оперативни активности за 2024 година е негативен и изнесува (106.863.527) денари. Негативниот паричен тек означува дека наплатата на побарувањата е помала од плаќањето на обврските во текот на годината.

При пресметката на парични текови од оперативни активности добивката пред оданочување е усогласена за износот на амортизација , приходите од камати и трошоците за вредносно усогласување на побарувањата.

Откако истата ќе се усогласи за промените кои настанале во обртните средства се добиваат нето паричните средства кои произлегуваат од работењето во износ од (106.863.200) денари.

По прилагодувањето за платените камати и данок од добивка се доаѓа до позитивен нето паричен тек од оперативни активности во износ од (106.863.527) денари.

**Парични текови од вложувачки активности**

Паричниот тек од вложувачки активности е позитивен, истиот изнесува 16.497.547 денари. Во текот на годината платени се основни средства (материјални и нематеријални) за потребите на Друштвото во износ од 15.450.011 денари.

**Парични текови од финансиски активности**

Во текот на 2024 година нема парични текови од финансиски активности. Односно Друштвото нема земено заеми и кредити.

## 10. СТРАТЕШКИ ПЛАН ЗА ИДЕН ПЕРИОД

Во текот на следниот период ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје ќе се стреми да го подобри своето работење во насока на зголемување на квалитетот на своите услуги.

Нашиот стратешки план за следната година би бил целосно искористување на капацитетите за испорака на топлинска енергија преку зголемување на бројот на потрошувачи, како и рационализација и оптимизација на трошоците во работењето.

Друштвото во континуитет ќе остварува контакти со сите потенцијални заинтересирани субјекти за приклучување кон системот за централно греење во урбаните средини кои се во непосредна близина на дистрибутивната мрежа, со цел нивно приклучување со што ќе дадеме и свој придонес во намалување на загадувањето во градот Скопје.

Друштвото особено внимание ќе посвети на информирање на потрошувачите, во врска со одржувањето на исправноста и функционалноста на грејната инсталација и правилно ракување со истата преку информативни брошури пред почетокот на грејната сезона, со цел поефикасно греење по започнување на грејната сезона и намалување на бројот на рекламации.

Континуирано се преземаат мерки за спречување на прегревање на објектите, преку системот за мониторинг континуирано се следи потрошувачка на топлинската енергија на објектите и во координација со куќните совети се утврдува топлинскиот режим на испорака.

Друштвото исто така располага со современ центар за грижа за потрошувачи преку кој остварува интензивна комуникација со своите потрошувачи, при што се врши прием и обработка на пристигнатите рекламации од страна на потрошувачите, корисниците на системот за централно греење.

Континуираното следење на новите технолошки достигнувања и нивна примена во нашето работење е наша цел и како резултат на тоа во финална фаза на имплементација се низа надоградби на билинг системот како и киоск уреди со кои фактурите би можеле да се платат во било кое време од денот без посета на шалтер.

Воведен е и се применува СМС модел на известувања со кои се информираат потрошувачите за причините за прекин на испораката на топлинска енергија како и известувања за неплатени, а доспеани долгови за испорачана топлинска енергија.

Овозможен е модул за пријавување на состојбата на потрошената топлинска енергија регистрирана на мерилото. Со оваа можност, преку апликацијата e-pay на Друштвото, потрошувачите од категоријата индивидуални станбени објекти, деловни потрошувачи и категорија образование кои имаат пристап до мерната опрема имаат можност да ја внесат отчитаната енергија во посебно поле на корисничкиот профил.

Во следната година Друштвото ќе го продолжи своето одговорно работење соочувајќи се со предизвиците, прилагодувајќи ги своите тековни оперативни активности во насока на успешно справување и надминување на истата.

Управител

Али Исмаиљ

Друштво за снабдување со топлинска енергија ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ СКОПЈЕ